ГРАНИТ

www.granit.mk

Градежно друштво
ГРАНИТ АД
Бр. 12-7394/6
26.05. 2021 год.
СКОПЈЕ

# П О Л И Т И К А  З А  П Р И С Т А П  Д О  Л И Ч Н И Т Е  П О Д А Т О Ц И

## - ГД ГРАНИТ АД СКОПЈЕ -

Мај, 2021
- 1 Издание -

Управниот Одбор на ГД Гранит АД Скопје на ден 26.05.2021 година, без одржување на седница, а во согласност со сите членови на Управниот Одбор, по пат на телефонска-телефакс врска, расправајќи за потребата од усвојување на Политика за пристап до личните податоци согласно новиот Закон за заштита на личните податоци усвоен на 16.02.2020 година од Собранието на РМ („Службен весник на Република Македонија" бр. 42/20) и член 90 став 2 од Законот, одредбите од Правилникот за содржината и формата на актот за начинот на вршење на видео надзор („Службен весник на РСМ бр. 122/20) и член 57 и 63 од Статут на Друштвото, ја донесе следната:

## ПОЛИТИКА ЗА ПРИСТАП ДО ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

### I. ВОВЕД

Согласно Законот за заштита на личните податоци, субјектите на личните податоци имаат право да добијат потврда дека Друштвото ги обработува нивните лични податоци, и секако, Друштвото е должно да обезбеди пристап до истите, со цел да субјектите на личните податоци да бидат свесни за обработката на податоците и да можат да ја потврдат законитоста на обработката на податоците. Процедурата за исполнување на ова право се нарекува Процедура за пристап до личните податоци и оваа Политика ја утврдува постапката што треба да се преземе кога такво барање е поднесено од субјектите на личните подаотци во врска со податоците кои Друштвото ги обработува за нив.

**Што е личен податок?**

„***Личен податок***" е секоја информација што се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува врз основа на идентификатор, како што е, на пример, името на субјектот на личните податоци.

„***Посебни категории на лични податоци***" вклучуваат информации кои се однесуваат на:

- Раса
- Етничка припадност
- Политичко убедување
- Религија
- Членство во синдикални организации
- Генетски податоци
- Биометриски податоци
- Здравствени податоци
- Сексуалниот живот или сексуална ориентација.

### II. ИНФОРМАЦИИ КОИ ТРЕБА ДА БИДАТ ДОСТАВЕНИ НА СУБЈЕКТОТ НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ КОГА ИСТИОТ ЌЕ ПОБАРА ПРИСТАП ДО ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ КОИ ЗА НЕГО ДРУШТВОТО ГИ ОБРАБОТУВА

Кога субјектот на личните податоци ќе поднесе барање за пристап на личните податоци, истиот ќе ги добие следниве информации:

- Дали неговите лични податоци се обработуваат и на која законска основа и за остварување на која цел;
- Категориите на лични податоци кои Друштвото ги обработува за субјектот на личните податоци;
- Дали личните податоци се добиени од субјектот на лични податоци или од друго лице;
- За секој на кого му биле откриени или ќе му бидат откриени личните податоци на субјектот на личните податоци, вклучително и пренос на личните податоци во земји на ЕУ, ЕЕП или трети земји, како и заштитните мерки кои се користат за да се обезбеди сигурност на податоците;
- Колку долго се чуваат личните податоци и/или како тој период е определен,
- Правата на субјектите на лични податоци во врска со исправка, бришење и приговор на обработката на личните податоци;
- Правото на субјектите на лични податоци да пријават злоупотреба на личните податоци до Агенцијата за заштита на личните податоци, во случај кога било кој од субјектите смета дека неговите права се повредени;
- Причината за автоматизирано донесување на одлуки за субјектите на лични податоци.

## III. ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ПРИСТАП

Барањето за пристап до личните податоци мора да биде составено во писмена форма и истото може да се поднесе во електронска верзија на службената е-маил адреса на Друштвото или во хартиена верзија преку архива. Офицерот за заштита на личните податоци ќе обезбеди формулар за поднесување на барање, иако формално барањето во ваков формат не е услов, но е препорачливо со цел поквалитетно и побрзо овозможување на пристап до податоците на субјектот на лични податоци. Вклчувањето на специфични детали за податоците кои субјектот на лични податоци сака да ги види преку неговото барање ќе овозможи поефикасен одговор од страна на Друштвото. Доколку во барањето нема доволно информации, Друштвото може да го контактира субјектот со цел да се дополни барањето со информациите кои се неопходни за соодветен одговор на истото.

Барањето може да се поднесе лично од субјектот или од трета страна овластена од субјектот да постапува во негово име, на пр. адвокат. Во овој случај мора да се достави и доказ за овластувањето од страна на субјектот, за да Друштвото може да одговори на барањето.

Друштвото по добивањето на барањето за пристап без одолговлекување ќе одговори на истото, во рамките, но не подоцна од законски предвидениот рок од 1 (еден) месец, сметано од денот на добивање на барањето, освен во следниве случаи:

- кога Друштвото не е во состојба да одговори позитивно на барањето на субјектот на лични податоци. Како причина може да биде одредена правна постапка која се води во моментот или доколку тие податоци се предмет на планирање на менаџментот. Друштвото ќе го извести субјектот дека неговтoo барање не може да се исполни со конкретни објаснувања за причината;

- кога на Друштвото му е потребно дополнително време, затоа што барањето е обемно и сложено. Во овој случај, Друштвото ќе одговори во законскиот рок и ќе објасни зошто е потребно продолжување на рокот. Доколку е потребно продолжување, барањето ќе се одговори најдоцна во рок од 2 месеци од денот на приемот на барањето.

Пред Друштвото да ги достави бараните податоци, има право да го контактира субјектот на личните податоци и да му побара доказ за идентитет. Овој доказ мора да се обезбеди со цел исполнување на барањето на субјектот. Друштвото одговара на барањето без надомест – бесплатно.

Друштвото може и да го одбие ваквото барање, доколку истото е очигледно неосновано или е прекумерно или се повторува. Во овој случај, без непотребно одлагање, а најдоцна во рок од 1 (еден) месец од денот на приемот на барањето, Друштвото ќе достави писмено објаснување за причините за одбивањето на барањето на субјектот на личните податоци. Во истиот писмен одговор, субјектот ќе биде информиран за правото на жалба до Агенцијата за заштита на личните податоци и правото на законски предивдените правни лекови кои на субјектот му стојат на располагање.

Претседател на Управен Одбор

Страшо Милковски

ГРАНИТ АД Скопје